**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Гордана Џутеска**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Охрид, Струга и Дебар**
**ул.Димитар Влахов бр.14**
**тел. 046/264-466**

**Образец бр.66**

**И.бр. 564/2025**

Извршителот Гордана Џутеска од Охрид, ул.Димитар Влахов бр.14 врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложен доверител РАЗВОЈНА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030998350604 и ЕМБС 5240425 и седиште на бул.Димитрие Чуповски бр.26 Центар преку полномошник Адвокат Ѓорѓи Михаилов, засновано на извршната исправа ОДУ бр.312/22 од 12.05.2022 година на Нотар Васко Паскали од Охрид, против должникот Друштво за производство трговија и услуги ОРГАНСКА БУКОВКА ДОО увоз-извоз Охрид од Охрид со ЕДБ 4020017535108 и ЕМБС 7242506 и седиште на ЖЕЛЕЗНИЧКА-КОМП.ИНКУБАТОР 16, и заложен должник Друштво за производство,трговија и услуги ЕН-ЏИ увоз-извоз Јовески Митко ДООЕЛ с.Злести-Белчишта од Охрид со ЕДБ и ЕМБС 4756827 и седиште на с.Злести, за спроведување на извршување во вредност 6.796.376,00 денари, на ден 03.04.2026 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста опишана во ЛИСТ В од имотен лист 943 за КО Опеница како:

- КП.бр.2194, дел 0, адреса (улица и куќен број на зграда) СЕЛО, бр.на зграда/друг објект 3, намена на зграда преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем А5-4, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен /заеднички дел од зграда П, внатрешна површина 8 м2, која недвижност е во сопственост на заложниот должник Друштво за производство,трговија и услуги ЕН-ЏИ увоз-извоз Јовески Митко ДООЕЛ с.Злести-Белчишта од Охрид
- КП.бр.2290, дел 0, адреса (улица и куќен број на зграда) ОСОЈ, бр.на зграда/друг објект 4, намена на зграда преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем Г2-6, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен /заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина 752 м2, која недвижност е во сопственост на заложниот должник Друштво за производство,трговија и услуги ЕН-ЏИ увоз-извоз Јовески Митко ДООЕЛ с.Злести-Белчишта од Охрид.

Продажбата ќе се одржи на ден 27.04.2026 година во 11.00 часот во просториите на Извршителот Гордана Џутеска од Охрид со седиште на ул.Димитар Влахов бр.14.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок и.бр.564/2025 година од 23.09.2025 година, а по предлог на доверителот изнесува 4.618.712,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:

- Нотарски акт – Договор за залог (хипотека) со својство на извршна исправа ОДУ.бр.312/22 од 12.05.2022 година на Нотар Васко Паскали од Охрид
- Налог за извршување врз недвижност и.бр.809/2023 од Извршител Слободанка Колоска од Охрид
- Налог за извршување кај пристапување кон извршување и.бр.564/2025 од 24.04.2025 година на Извршител Гордана Џутеска
- Налог за извршување врз недвижност и.бр.564/2025 од 24.04.2025 година на Извршител Гордана Џутеска

- Налог за извршување кај пристапување кон извршување и.бр.1127/2025 од 12.09.2025 година на Извршител Гордана Џутеска
- Налог за извршување кај пристапување кон извршување и.бр.1129/2025 од 21.10.2025 година на Извршител Гордана Џутеска
- Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект Уп.1 бр.10-8780, Уп.1 бр.10-8780/1/2/3/4/5/6/7 од 19.05.2015 година од Општина Охрид.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста. Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката на извршителот Гордана Џутеска со број 200001924409473, депонент на Стопанска банка АД Скопје, ЕДБ 5026009500380.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Даноците и другите издатоци во врска со продажбата на недвижноста паѓаат на товар на купувачот.

Овој заклучок ќе се објави во дневниот весник „НОВА МАКЕДОНИЈА“ и електронски на веб страната на КИРМ.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Гордана Џутеска

Х ____________________

Д.-на: Заложен доверител
Пристапени доверители
должници
Општина Охрид
УЈП Р.Д Битола

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.